## ДИЈАНА ИМЕРИ ИЛКОСКА

ДИРИГЕНТ

Дијана Имери Илкоска (1988) е една од најнадежните македонски диригенти. Своето образование го стекнува на Факултетот за Музичка Уметност – Скопје каде дипломира во класата на проф. Саша Николовски-Ѓумар (Оркестарско диригирање во 2014 г., Хорско диригирање и Музичка Теорија и Педагогија во 2011 г.), а магистрира во класата на проф. Борјан Цанев во 2018 г. Уште во студентските денови, интензивно работи како асистент на Маестро Ѓумар со Симфонискиот оркестар на ФМУ, а бележи настапи на повеќе престижни подиуми меѓу кои и фестивалите Охридско и Скопско Лето со Камерниот оркестар на Музичка Младина на Македонија. Нејзиниот настап беше проследен од легендарниот композитор Кшиштоф Пендерецки кој упати бројни пофалби за младата диригентка. Како студент ја остварува својата прва соработка со Македонската Филхармонија. Носител на бројни награди во повеќе дисциплини, Имери Илкоска ја продолжува соработката со Македонската Филхармонија, Оркестарот на Македонската Опера и Балет, Бугарскиот Национален Радио Симфониски Оркестар и Хор, Дубровачкиот Симфониски Оркестар. Остварува соработка со бројни солисти меѓу кои Дино Имери, Бојан Илкоски, Ивана Коцевска, Роланд Сентпали (Унгарија) и интернационалниот Дувачки Камерен Оркестар. Асистира на реномираните диригенти Маестро Јерухам Шаровски (Израел), како и Маестро Тимоти Редмонд (Велика Британија). Во 2020 г. остварува соработка со светски познатиот диригент – маестро Урош Лајовиц (Словенија/Австрија) кој за неа ќе каже: „Дијана Имери Илкоска е исклучителен талент и диригент кој може да ги оствари сите свои диригентски желби и да направи убедливи креации."




Т. ЗОГРАФСКИ:

## „КЛАСИЧНА СУИТА" ЗА ФЛЕЈТА, ОБОА И ГУДАЧКИ ОРКЕСТАР ОП.20

Томислав Зографски (1934 - 2000) е македонски композитор и еден од најистакнатите претставници на македонската современа музика во втората половина на 20 век. Тој е претставник на генерација македонски музички творци кои уште во шеесеттите години од минатиот век домашните музички вредности ги доближија до главните светски струења. Прв во македонската музика внесува елементи на музичкиот неокласицизам, а извор за неговата творечка инспирација претставува македонската световна и духовна музичка традиција. Томислав Зографски е роден на 29 март 1934 година во Велес. Потекнува од славното семејство Зографски, познати зографи, градители и резбари. Следејќи ја семејната традиција, тој ќе продолжи да дејствува во областа на духовното творештво. Особено неговиот дедо, познатиот сликар Ѓорѓи Зографски, имал значајна улога во формирањето на Томислав како уметник. Семејната традиција и образовниот процес низ кој поминува, од него ќе создадат врвен композитор, педагог и сестран македонски деец. Неговиот интерес кон неокласицизмот е сублимиран и во неговата Класична суита за флејта, обоа и гудачки оркестар опус 20 напишана во 1957 година. Првпат била изведена во 1957 година од Камерниот оркестар на Скопската филхармонија. Диригирал Тодор Скаловски, а како солисти настапиле Киро Божиновски (флејта) и Киро Давидовски (обоа). Освен на домашните концертни подиуми ова дело на Зографски е изведено и во Русија, Литванија, Белорусија, Мексико, Грција, Финска, Шведска, Франција, Јужна Америка... Во „Класична суита", како што сугерира и насловот, Зографски се инспирира од најпознатата барокна музичка форма која ја исполнува со својот препознатлив авторски стил кој вешто ротира околу класичните принципи и новите музички трендови.

Композицијата има класични рамки, исполнети со теми и мотиви кои имаат модерна естетика и во неа солистите се во постојана симбиоза со гудачите и заедно, со ист интензитет и посветеност учествуваат во креирањето на автентичната музичка мисла.

А.АРЕНСКИ*

## „ВАРИЈАЦИИ НА ТЕМА ОД ЧАЈКОВСКИ“

Рускиот композитор Антон Аренски (1861-1906) „Варијациите на тема од Чајковски“ ги напишал во 1864 година и тие претставуваат емотивна посвета на Петар И. Чајковски. Оригинално се напишани како гудачки квартет, а темата во сетот варијации се темели на мелодијата „Легенда: Христ во неговата градина“, сегмент од делото „Шеснаесет песни за деца“ оп. 54 од Чајковски.

Иако Аренски учел композиција кај Римски-Корсаков, неговиот музички опус длабоко е поврзан и емотивно „влече“ кон музиката на Чајковски. Влијанието и поврзаноста на Аренски со музиката на Чајковски му биле јасни и на неговиот професор Римски- Корсаков кој во една прилика иронично забележал: „Во раната младост не можеше да го избегне влијанието од мојата музика, а подоцна беше зависен од музиката на Чајковски. Наскоро ќе биде заборавен“. Поради овие квалификации од неговиот учител долги години бил оценуван како композитор кој не успеал да изгради сопствен препознатлив стил. Првобитно напишани за гудачки квартет, „Варијации на тема од Чајковски“ по премиерата доживеале исклучителен успех, и Аренски ги адаптирал за гудачки оркестар. Од тогаш се изведуваат многу често на концертните подиуми и важат за негово најпознато дело. Варијациите се во корелација со целокупниот творечки импулс, препознатлив за романтичарска музичка мисла на Антон Аренски. По претставувањето на темата следуваат седум варијации и кода кои ја обработуваат главната музичка идеја на разновиден начин, преку мотивски поигрувања, ритмички и динамички контрасти. Делото целосно го одразува духот на музиката од Чајковски, тоа е рефлексија на нејзината есенција, спакувана во авторските контури на Аренски.

* 160 ГОДИНИ ОД РАЃАЊЕТО

ТЕКСТОВИ: АНГЕЛИНА ДИМОСКА, МУЗИКОЛОГ

СЛЕДНА
**ПРОГРАМА:** 20 ЧАСОТ ЧЕТВРТОК 25.11.2021

„УБАВА РУСИЈА“

Диригент:
Конрад Ван Алфен (Холандија)
Солист:
Марија Солозобова – виолина (Русија)

ПРОГРАМА:
П.И. Чајковски:
Концерт за виолина
и оркестар бр. 1
Ј. Брамс: Симфонија бр. 1

ПРИЈАТЕЛИ НА ФИЛХАРМОНИЈА

mastercard NLB Banka TIKVEŠ SINCE 1885

ПРОГРАМАТА ФИНАНСИСКИ Е ПОДДРЖАНА
ОД МИНИСТЕРСТВОТО ЗА КУЛТУРА
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Република Северна Македонија
Министерство за култура

ТИРАЖ: 200 | ПЕЧАТИ: ВИНСЕНТ ГРАФИКА СКОПЈЕ

ФИЛХАРМОНИЈА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА



# КОНЦЕРТ НА КАМЕРНИОТ ОРКЕСТАР НА ФИЛХАРМОНИЈА

## ПРОГРАМА:

ЧЕТВРТОК 18.11.2021

**А. Аренски:**
Варијации на тема од Чајковски

**Т. Зографски:**
„Класична суита“ за флејта, обоа и гудачки оркестар оп. 20
Kavatine
Sinfonia
Aria
Rondino

**А. Дворжак:**
„Серенада“
Moderato
Tempo di Valse
Scherzo: Vivace
Larghetto
Finale: Allegro vivace

КОНЦЕРТНА СЕЗОНА 2021/22

**ФИЛХАРМОНИЈА**
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА




# КОНЦЕРТ НА КАМЕРНИОТ ОРКЕСТАР НА ФИЛХАРМОНИЈА